**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

**Од ТРИНАЕСЕТТАТА седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 15.06.2026 година**

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2026 ГОДИНА**
**Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К**

**Од Тринаесеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 15.06.2026 година**

Седницата започна во 14:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

Седницата е свикана по барање на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-3595/1 од 12.06.2026 година кое е доставено од стручната служба.

На седницата присуствуваа сите членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

За збор се јави членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) кој упати **забелешки** на начинот на кој е изготвен нацрт-записникот, односно во истиот не се нотирани суштински информации за текот на седницата.

Членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) побара пауза за Нацрт - Записникот од **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба да биде корегиран.Истото беше сторено од стручната служба и забелешките беа вметнати во текстот на нацрт-записникот.

По Нацрт - Записникот од **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дванаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"со вметната забелешка**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата**.**

За збор се јави членот на советот - **Маја Никодиновска** (Левица) која упати **забелешки** во однос на свикувањето на седницата, дека не е запазен рокот согласно Деловникот.

Претседателот на советот накратко ја образложи причината за свикување на седницата.

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година; и
2. Предлог - Одлука за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставникот од општинската администрација - Мариела Христова и членовите на советот Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), Горан Николовски (Левица), Влатко Ристовски (Левица) и Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **17 гласа "ЗА", 5 гласа "ПРОТИВ"и 3 гласа "ВОЗДРЖАНИ"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот Влатко Ристовски (Левица), Макфире Исени (НАИ) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Членот на советот - **Александар Вељановски** (коалиција предводена од СДСМ) постави прашање кој е точниот датум на почеток со работа на градинката "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје дали ке биде

01.09.2026 година и побара прашањето и одговорот на истото да влезе во записник.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за основање, отпочнување со работа и вршење на дејност на објектот "Кокиче" во состав на ЈУДГ "25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Тринаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **14:55** часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот